Анализа

за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на Јавните здравствени установи за период јануари-јуни 2015 година

јули, 2015 година

Вовед

Фондот за здравствено осигурување на Македонија е основан согласно Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003 , 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012 и 65/2012) како самостојна финансиска институција со права и обврски за спроведување на задолжителното здравствено осигурување на територијата на Република Македонија.

Фондот врши дејност од јавен интерес и врши јавни овластувања утврдени со Законот за здравствено осигурување.

Со Законот за здравствено осигурување на Фондот му се дадени права, обврски и одговорности да ги планира и прибира средствата од придонесот за задолжително здравствено осигурување, со општи акти поблиску да го утврдува начинот на остварување на правата и обврските на осигурените лица, да ги плаќа здравствените услуги и парични надоместоци, да превзема мерки за ефикасно, ефективно и економично користење на средствата, како и други права и обврски од задолжителното здравствено осигурување.

Согласно членот 69-а од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ бр.65/2012 пречистен текст), Акциониот план на ФЗОМ (Рамка Ф) и Процедурите за изготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот и за буџетите на јавните здравствени установи, Фондот изготвува редовни месечни извештаи за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и извршените трансфери до ЈЗУ, а јавните здравствени установи изготвуваат редовни месечни и квартални извештаи за реализација на средствата пренесени од Буџетот на Фондот.

Месечните извештаи здравствените установи ги доставуваат до Министерството за здравство и до Фондот, а Фондот изготвува збирни извештаи кои ги доставува до Министерството за здравство, Министерството за финансии и до УО на Фондот и ги објавува на својата веб страница.

Месечните извештаи за Фондот и за ЈЗУ се изготвуваат врз база на утврдените обрасци.

Во 2005 година врз основа на овие обрасци се започна со известување на буџетска основа за финансиското работење на Фондот и седум пилот јавни здравствени установи.

Во 2006 година месечни извештаи доставуваат сите јавни здравствени установи.

Фондот изготвува квартални извештаи со анализа за структурата и движењето на наплатените приходи и исплатените средства за расходи кај Фондот и кај ЈЗУ, потоа за дозначените средства од Фондот до здравствените установи, за потрошените лекови и медицински материјали кај ЈЗУ, за вкупните обврски и нивната достасаност за плаќање, за состојбата на залихите кај ЈЗУ и друго.

Анализата на финансиските податоци за Фондот и ЈЗУ се доставува на користење на Министерството за здравство и Министерството за финансии и се објавува на веб страницата на Фондот за здравствено осигурување.

РЕЗИМЕ:

ПРИХОДИ НА ФЗОМ

Во периодот јануари-јуни 2015 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија оствари вкупни приходи во износ од 12.307.653 илјади денари кои во однос на планот за истиот период се повеќе остварени за 1,86%. Анализирано поединечно по видови на приходи, приходите во периодот јануари-јуни 2015 година се остварени над планираните, со исклучок на приходите од придонеси за задолжително здравствено осигурување од МТСП, АВРМ и ПИОМ кои се остварени под планираното за истиот период.

Структурата на приходите е следната:

-даночни приходи- приходи од придонеси од бруто плати и надоместоци	52,89%
-приходи од придонеси од корисници на пензии	24,93%
-Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	10,77%
-неданочни приходи (партиципација, конвенции и останати)	2,42%
-придонеси на корисници на права од социјална заштита	0.44%
-трансфери од Министерство за труд (породилно)	8,07%
-приходи од Агенцијата за вработување	0,48%

РАСХОДИ НА ФЗОМ

Во периодот јануари-јуни 2015 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија оствари вкупни расходи во износ од 11.762.819 илјади денари кои во однос на годишниот план имаат процент на остварување од 48,91% и во вкупен износ се под планираното за истиот период за 2,18%.

Структурата на расходите е следната:

-здравствени услуги	87,51%
-надоместоци	10,44%
-административни (фунционални) расходи	2,05%

МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК ОД ФЗОМ ДО ЈЗУ

Заклучно со 30.06.2015 година одобрениот износ на средства на јавните здравствени установи за извршени здравствени услуги средства е во висина од 6.613.482.564 денари, односно 51,59% од вкупните надоместоци на ЈЗУ за 2015 година.

ПРИХОДИ НА ЈЗУ

Во периодот јануари-јуни 2015 години ЈЗУ остариле вкупни приходи во износ од 7.827.915 илјади денари од кои: приходи од ФЗОМ (84,49%), сопствени приходи (15,33%) и приходи од донации (0.18%).

РАСХОДИ НА ЈЗУ

Вкупните платени средства за расходи на ЈЗУ за периодот јануари-јуни 2015 година изнесуваат 7.794.662 илјади денари.
Структурата на платените средства за расходи е следната:

-плати и надоместоци	50,80%
-материјали и ситен инвентар	25,95%
-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	7,13%
-останати расходи	16,12%

ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ МАТЕРИЈАЛИ

Во периодот јануари-јуни 2015 година потрошените средства за лекови и медицински материјали изнесуваат 1.718.939 илјади денари.
Потрошените средства за лекови и медицински материјали споредени со истиот период од 2014 година (износ 1.911.077 илјади денари) бележат намалување од 10%.

ОБВРСКИ НА ЈЗУ

Вкупните обврски на Јавните здравствени установи на 30.06.2015 година изнесуваат 4.315.543 илјади денари, кои споредени со состојбата на 30.06.2014 година (износ 4.096.495 илјади денари) се зголемени за 5,35%.

ДОЛГОВИ НА ЈЗУ

Вкупните долгови на ЈЗУ на 30.06.2015 година изнесуваат 3.173.837 илјади денари и во споредба со состојбата од 30.06.2014 (износ 2.695.646 илјади денари) бележат зголемување од 17,7%.

Најголемо намалување на долговите во месец јуни во однос на состојбата во м.мај има кај следните ЈЗУ:

1	ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје	-24.775	илјади денови
2	Медицински факултет-Институти-Скопје	-19.956	илјади денови
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	-10.418	илјади денови

Најголем пораст на долговите споредбено во м.јуни во однос на м.мај има во следните ЈЗУ:

1	Општа болница-Прилеп	22.638	илјади денови
2	Институт за трансфузиона медицина на РМ	17.150	илјади денови
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	8.278	илјади денови

Финансиски податоци
на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

1. Приходи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Остварени вкупни приходи

Во периодот јануари-јуни 2015 година во Фондот се остварени приходи во износ од 12.307.653 илјади денари, што преставува просечен месечен приход во износ од 2.051.276 илјади денари.

Остварените приходи за периодот јануари-јуни 2015 година споредени со остварените приходи за истиот период во 2014 година (износ 11.197.219 илјади денари) се зголемени за 9,92%.

Планирани приходи


Планираните вкупни приходи за периодот јануари-јуни 2015 година изнесуваат 12.083.298 илјади денари или просечно месечно 2.013.883 илјада денари. Во споредба со планираните за истиот период, остварените приходи се поголеми за 1,86%.

Вкупни приходи јануари-јуни 2015/2014 во (000) денари

Опис	Остварено јануари-јуни 2014 година	Буџет 2015 година	Остварено јануари-јуни 2015	% на остварени приходи во периодот јануари-јуни 2015 во однос на буџетот 2015 година	% на остварени приходи јануари-јуни 2015/2014
Вкупен приход	11.197.219	24.049.736	12.307.653	51,18%	109,92%

Графички приказ на вкупни приходи за период јануари-јуни 2015/2014 година

во (000) денари



Движење на вкупните приходи за период јануари-јуни 2015 година

во (000) денари


месец	план	остварено	% на остварување
јануари	2.087.954	1.548.167	74,15%
февруари	1.958.389	1.818.504	92,86%
март	2.002.415	2.443.903	122,05%
април	**2.052.941**	**2.553.847**	124,40%
мај	**1.983.193**	**1.771.263**	89,31%
јуни	**1.998.406**	**2.171.969**	108,69%
вкупно	12.083.298	12.307.653	101,86%

Анализирано поединечно по видови на приходи, приходите во периодот јануари-јуни 2015 година се остварени над планираните, со исклучок на приходите од придонеси за задолжително здравствено осигурување од МТСП, АВРМ и ПИОМ кои се остварени под планираното за истиот период.

Структура на остварени приходи јануари-јуни 2015 година **(во 000 денари)**

сметка	приход	Остварено јануари-јуни 2014 година	Буџет 2015 година	Остварено јануари-јуни 2015 година	% на остварување во однос на буџетот 2015 година	% на остварување 2015/2014	% на учество во вкупните приходи
	ВКУПНО:	**11.197.219**	**24.049.736**	**12.307.653**	**51,18%**	**109,92%**	**100%**
71	**ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**10.093.728**	**21.810.000**	**11.015.793**	**50,51%**	**109,14%**	**89,50%**
712	**Придонеси од плати за социјални фондови**	**10.093.728**	**21.810.000**	**11.015.793**	**50,51%**	**109,14%**	**89,50%**
7122	Придонеси од бруто плати и надоместоци	6.001.475	13.400.000	**6.509.491**	**48,58%**	**108,46%**	**52,89%**
712511	Придонеси од АВРМ	70.227	140.000	**58.766**	**41,98%**	**83,68%**	**0,48%**
712512	Приход од ПИОМ	2.773.393	5.925.000	**3.068.385**	**51,79%**	**110,64%**	**24,93%**
712513	Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	1.183.418	2.210.000	**1.325.420**	**59,97%**	**112,00%**	**10,77%**
712514	Приходи од МТСП (придонес)	65.215	135.000	**53.731**	**39,80%**	**82,39%**	**0,44%**
72	**НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**235.046**	**470.000**	**298.229**	**63,45%**	**126,88%**	**2,42%**
725	**Други неданочни приходи**	**235.046**	**470.000**	**298.229**	**63,45%**	**126,88%**	**2,42%**
725946	Приход од Партиципација	178.742	350.000	**193.606**	**55,32%**	**108,32%**	**1,57%**
725	Други приходи	56.304	120.000	**104.623**	**87,19%**	**185,82%**	**0,85%**
74	**ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**	**868.445**	**1.769.736**	**993.631**	**56,15%**	**114,41%**	**8,07%**
741	**Трансфери од други нивоа на власт**	**868.445**	**1.769.736**	**993.631**	**56,15%**	**114,41%**	**8,07%**
741112	Приходи од МФ	0	104.736	**0**	**0%**		**0%**
741111	Приходи од МТСП (породилни)	868.445	1.665.000	**993.631**	**59,68%**	**114,41%**	**8,07%**

Графички приказ на структурата на остварените приходи во периодот јануари-јуни 2015 година



1. ДАНОЧНИ ПРИХОДИ

(во 000 денари)

приходи	Остварено јануари-јуни 2014 година	јануари-јуни 2015 година			% на остварување 2015/2014 година	% на учество
		Планирано	Остварено	% на остварување во однос на планот		
Придонеси од бруто плати и надоместоци	6.001.475	6.372.543	6.509.491	102,15%	108,46%	59,09%
Придонеси од АВРМ	70.227	70.000	58.766	83,95%	83,68%	0,53%
Приход од ПИОМ	2.773.393	3.217.500	3.068.385	95,37%	110,64%	27,85%
Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	1.183.418	1.287.000	1.325.420	102,99%	112,00%	12,03%
Приходи од МТСП (придонес)	65.215	67.500	53.731	79,60%	82,39%	0,49%
Вкупно:	**10.093.728**	**11.014.543**	**11.015.793**	100,01%	109,14%	100%

1. Приходи од придонеси од бруто плати на вработените


Во структурата на приходи од придонеси од бруто плати на вработените се вклучени:

- придонеси од задолжително здравствено осигурување од бруто плати на вработените кај правните субјекти;
- придонеси за задолжително здравствено осигурување на лица кои вршат самостојна дејност;
- придонеси од задолжително здравствено осигурување на лица кои се занимаават со земјоделство, сточарство, живинарство, пчеларство или риболов;
- придонес за задолжително здравствено осигурување на други осигуреници;
- дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување;
- придонес за здравствено осигурување за изминати години

Овие приходи учествуваат со 52.89% во структурата на вкупните приходи остварени во периодот јануари-јуни 2015 година.

Во периодот јануари-јуни 2015 година, приходите од придонеси од бруто плати на вработените се остварени во износ од 6.509.491 илјади денари и се со процент на остварување од 48,58% во однос на годишниот план.
Овие приходи споредени со истиот период од 2014 година бележат зголемување од 8,46%.
Динамиката на остварување на овие приходи по месеци во периодот јануари-јуни 2015 година е нерамномерна и е над планираното за истиот период за 2%.

Графички приказ на планирани и остварени приходи од придонеси од бруто плати и надоместоци за период јануари-јуни 2015 година (во илјада денари)



2. Придонеси од корисници на пензии

Во периодот јануари-јуни 2015 година, приходите од корисници на пензии се остварени во вкупен износ од 3.068.385 илјади денари со индекс на остварување од 51,79 во однос на годишниот план.
Во структурата на вкупните остварени приходи во периодот јануари-јуни 2015 година, овие приходи учествуваат со 24,93%.
Овие приходи споредени со истиот период од 2014 година (износ 2.773.393 илјада денари) бележат зголемување од 10,6%.
Остварените приходи од корисници на пензии во однос на планираните за истиот период се помали за 4,6%.
Наплатата на придонесите од корисниците на пензии во текот на овој период од 2015 година е со нерамномерна месечна уплата.


3. Приходи од Министерство за здравство

Во периодот јануари-јуни 2015 година, од приходите од М3 (придонеси за неосигурени лица) се добиени средства во висина од 1.325.420 илјади денари што во однос на годишниот план е процент на остварување од 59,97%.
Овие приходи во структурата на вкупно остварените приходи учествуваат со 10,77%.

4. Придонеси на корисници на права од социјална заштита

Во структурата на вкупните остварени приходи во периодот јануари-јуни 2015 година учествуваат со 0,44%.
Овие приходи за периодот јануари-јуни 2015 година се остварени во вкупен износ од 53.731 илјади денари, и со процент на остварување од 39,8% во однос на годишниот план.

Графички приказ на движењето на планираните и остварените даночни приходи за период јануари-јуни 2015 година (во илјада денари)



2. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ


Во структурата на други неданочни приходи се вклучени:
- приходи од наплатена партиципација
- приходи по конвенции
- и други неданочни приходи

(во 000 денари)

приход	Остварено јануари-јуни 2014 година	Јануари-јуни 2015 година			% на остварување јануари-јуни 2015/2014	% на учество
		Планирано	Остварено	% на остварување		
➢ **Приходи од партиципација**	178.742	180.980	193.606	106,98%	108,32%	64,92%
➢ **Останати неданочни приходи**	56.304	47.774	104.623	219,00%	185,82%	35,08%
Вкупно	**235.046**	**228.754**	**298.229**	130,37%	126,88%	100%

Овие приходи учествуваат со 2,42% во структурата на вкупните приходи остварени во периодот јануари-јуни 2015 година.
Во периодот јануари-јуни 2015 година овие приходи се остварени во износ од 298.229 илјади денари и индекс на остварување од 63.45 во однос на годишниот план.
Овие приходи споредени со истиот период од 2014 година бележат зголемување од 26.88%, што е резултат на повеќе остварените останати неданочни приходи.
Во периодот јануари-јуни 2015 година приходите од партиципација се остварени во износ од 193.606 илјади денари и имаат индекс на остварување 55.32 во однос на годишниот план.
Останатите неданочни приходи во периодот јануари-јуни 2015 година се остварени во износ од 104.623 илјади денари и во однос на годишниот план имаат процент на остварување од 87.19%.
Динамиката на месечното остварување на оваа група на приходи е нерамномерна и над планираното.

Графички приказ на движењето на планираните и остварените неданочни приходи во периодот јануари-јуни 2015 година (во илјада денари)



3. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ

Приходи од МТСП (породилни)-Во периодот јануари-јуни 2015 година од Министерство за труд и социјална политика по основ на породилни боледувања се добиени средства во висина од 993.631 илјади денари, што во однос на годишниот план е остварување од 59.68%.

Пренесени приходи од претходна година - Преставуваат нераспоредени средства затекнати на сметката на 31.12.2014 година во износ од 207.142 илјади денари, кои се пренесени како приход за наредна година.

Состојба на паричните средства на сметката на Фондот

На 30.06.2015 година состојбата на сметката и благајната изнесува 751.977 илјади денари.

2 Расходи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Остварени вкупни расходи

Во периодот јануари-јуни 2015 расходите се остварени во износ од 11.762.819 илјади денари, што претставува просечен месечен расход од 1.960.470 илјади денари.

Остварените расходи за периодот јануари-јуни 2015 година споредени со остварените расходи за истиот период од 2014 година (износ 11.095.801 илјади денари) бележат зголемување од 6%.


Планирани расходи

Планираните вкупни расходи во периодот јануари-јуни 2015 година изнесуваат 12.024.870 илјади денари или просечно месечно 2.004.145 илјади денари. Во споредба со планираните за истиот период, остварените расходи се помали за 2,18%.

Вкупни расходи јануари-јуни 2015/2014 (во 000 денари)

Опис	остварено јан-јуни 2014 година	буџет 2015 година	Остварено јан-јуни 2015 година	% ост /план	% на остварување 2015/2014
Вкупен расход	11.095.801	24.049.736	11.762.819	48,91%	106,01%

Графички приказ на вкупни расходи за период јануари-јуни 2015/2014




Движење на вкупните расходи за период јануари-јуни 2015 година (во 000 денари)

месец	план	остварено	% на остварување
јануари	2.004.145	1.578.250	78,75%
февруари	2.004.145	1.805.232	90,07%
март	2.004.145	2.162.723	107,91%
април	2.004.145	**2.165.618**	108,06%
мај	2.004.145	**1.951.892**	97,39%
јуни	2.004.145	**2.099.104**	104,74%
вкупно	12.024.870	11.762.819	97,82%

Структура на расходите

Структурата на расходите ја сочинуваат:

1. Здравствена дејност и осигурување (97,95%)
2. Функционални расходи на Фондот (2,05%)



1.Здравствена дејност и осигурување

Во расходите за здравствена дејност и осигурување се вклучени:

- здравствени услуги и
- надоместоци

Расходи за здравствена дејност и осигурување во периодот јануари-јуни 2015/2014

(во 000 денари)


Опис	остварено јануари-јуни 2014 година	Јан-јуни 2015			% 2015 /2014
		планирано	Остварено	% на остварување во однос на планот	
➢ Здравствени услуги	9.836.038	10.673.795	10.293.865	96,44%	104,65%
➢ Надоместоци	1.045.590	1.075.000	1.227.893	114,22%	117,44%
Вкупно	**10.881.628**	**11.748.795**	**11.521.758**	98,07%	105,88%

Во структурата на вкупните расходи за периодот јануари-јуни 2015 година, најголемо учество имаат расходите за плаќање на здравствените услуги на осигурените лица со 87,51 % или во вкупен износ од 10.293.865 илјади денари. Овие расходи во однос на годишниот план се остварени со 48,22%, додека споредени со истиот период од 2014 се поголеми за 4,65%.

Во структурата на вкупните остварени расходи во периодот јануари-јуни 2015 година, надоместоците имаат учество од 10,44% и 1.227.893 илјади денари. Во однос на планот за истиот период, надоместоците се остварени со 114,22% а истите споредени со истиот период од 2014 година се повеќе остварени за 17,44%.

Динамиката на остварување на расходите за здравствена дејност и осигурување по месеци е нерамномерна и е под планот, со исклучок на м. март,април и јуни 2015 година.

Графички приказ на планираните и остварени расходи за здравствена дејност и осигурување јануари-јуни 2015 година (во илјада денари)



2. Расходи за функцијата на Фондот

Расходите за функцијата на Фондот ја сочинуваат:

- плати и надоместоци
- стоки и услуги
- капитални расходи
-


Расходи за функцијата на Фондот јануари-јуни 2015 година **(во 000 денари)**

Опис	остварено јануари-јуни 2014	јан-јуни 2015			% 2015 /2014
		планирано	остварено	% на остварување во однос на планот	
➢ **плати и надоместоци**	146.234	162.073	157.048	96,90%	107,39%
➢ **стоки и услуги**	54.821	87.078	74.617	85,69%	136,11%
➢ **субвенции и трансфери**	3.465	2.923	1.494	51,12%	43,12%
➢ **капитални расходи**	9.653	24.000	7.902	32,93%	81,86%
Вкупно	**214.173**	**276.073**	**241.061**	87,32%	112,55%

Во структурата на остварените вкупни расходи во периодот јануари-јуни 2015 година, расходите за функцијата на Фондот учествуваат со 2,05 % или во вкупен износ од 241.061 илјади денари. Овие расходи во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 12,7%, а споредени со истиот период од 2014 година бележат зголемување од 12,55%.
Расходите за плати и надоместоци во структурата на вкупните остварени расходи учествуваат со 1,34% и се под планираното за истиот период.
Расходите за стоки и услуги во структурата на вкупните остварени расходи учествуваат со 0,63%, во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 14,3% и бележат зголемување од 36% во споредба со истиот период од 2014 година.
Капитални расходи за период јануари-јуни 2015 година имаат остварување од 7.902 илјади денари и во однос на истиот период во 2014 година се помали за приближно 18%.

Динамиката на остварување на овие расходи на Фондот е нерамномерна во зависност од доспеаноста на обврските и под планот за истиот период со исклучок на месец март 2015 година.

Графички приказ на планираните и остварени расходи за функцијата на Фондот јануари-јуни 2015 година (во илјада денари)



ФЗОМ

ИЗВЕШТАЈ

на месечен надоместок од ФЗОМ до ЈЗУ-2015 година

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2014 година (Седница на УО од 30.12.2014 година)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2015 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2015 година во однос на договорниот надоместок за 2015 година
1	Стоматолошки клинички центар	122.000.000	61.000.002	50,00%
2	Клиника за максилофацијална хирургија	28.000.000	13.999.800	50,00%
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија	111.000.000	55.500.000	50,00%
4	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	550.000.000	274.999.800	50,00%
5	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	319.000.000	159.499.800	50,00%
6	ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија	21.000.000	10.500.000	50,00%
7	ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија	110.300.000	55.150.002	50,00%
8	ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија	76.500.000	38.250.000	50,00%
9	ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија	65.000.000	32.500.002	50,00%
10	ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	52.000.000	25.999.800	50,00%
11	ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија	75.000.000	37.500.000	50,00%
12	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	223.000.000	111.499.800	50,00%
13	ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија	46.800.000	23.400.000	50,00%
14	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести	319.000.000	159.499.800	50,00%
15	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	167.800.000	83.899.800	50,00%
16	ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија	38.000.000	19.000.002	50,00%
17	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија	202.000.000	118.999.800	58,91%
18	ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје	56.700.000	28.350.000	50,00%
19	ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија	128.000.000	64.000.002	50,00%
20	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија	113.000.000	56.500.002	50,00%
21	ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија	175.000.000	87.499.800	50,00%
22	ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија	105.500.000	52.750.002	50,00%
23	ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија	65.342.000	32.671.002	50,00%
24	ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија	120.000.000	67.000.000	55,83%
25	ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло	68.000.000	34.000.002	50,00%
26	ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести	81.500.000	40.750.002	50,00%
27	ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	399.000.000	199.500.000	50,00%
28	ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија	50.000.000	25.000.002	50,00%
29	ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје	26.500.000	13.249.800	50,00%
30	Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје	390.000.000	195.000.000	50,00%
31	Клиничка болница-Битола	581.300.000	317.373.526	54,60%
32	Општа болница-Гевгелија	88.300.000	44.149.800	50,00%
33	Општа болница-Гостивар	235.600.000	140.981.620	59,84%
34	Општа болница-Дебар	63.000.000	39.000.000	61,90%
35	Општа болница-Кавадарци	111.600.000	55.800.000	50,00%
36	Општа болница-Кичево	91.000.000	45.499.800	50,00%
37	Општа болница-Кочани	108.000.000	54.000.000	50,00%
38	Општа болница-Куманово	320.000.000	166.545.457	52,05%
39	Општа болница-Охрид	229.000.000	114.499.800	50,00%
40	Општа болница-Прилеп	339.100.000	169.549.800	50,00%
41	Општа болница-Струга	153.000.000	76.500.000	50,00%
42	Општа болница-Струмица	218.000.000	109.000.002	50,00%
43	Клиничка болница-Тетово	427.800.000	213.900.000	50,00%
44	Општа болница-Велес	195.000.000	97.500.000	50,00%
45	Клиничка болница-Штип	318.200.000	159.100.002	50,00%
46	Градска општа болница 8-ми септември	756.000.000	429.857.143	56,86%
47	Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје	265.500.000	140.750.000	53,01%
48	Специјална болница по гинекологија и акушерство-Мајка Тереза-Скопје	115.200.000	58.433.335	50,72%
49	Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје	108.000.000	54.000.000	50,00%
50	Психијатриска болница-Скопје	188.000.000	94.000.002	50,00%
51	Психијатриска болница-Демир Хисар	126.000.000	63.000.000	50,00%

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2014 година (Седница на УО од 30.12.2014 година)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2015 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2015 година во однос на договорниот надоместок за 2015 година
52	Психијатриска болница-Негорци	51.000.000	25.500.000	50,00%
53	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза-Јасеново-Велес	29.000.000	14.500.002	50,00%
54	Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид	137.000.000	76.000.002	55,47%
55	Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје	43.500.000	21.750.000	50,00%
56	Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје	63.000.000	31.500.000	50,00%
57	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола	13.000.000	6.499.800	50,00%
58	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид	101.000.000	50.500.002	50,00%
59	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања-Отешево	20.000.000	10.000.002	50,00%
60	Геронтолошки завод-Скопје	80.000.000	40.000.002	50,00%
61	Завод за нефрологија-Струга	123.000.000	68.166.667	55,42%
62	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза- Лешок-Тетово	21.500.000	10.750.002	50,00%
63	Здравствен дом-Битола	97.000.000	48.499.800	50,00%
64	Здравствен дом-Гевгелија	41.800.000	23.536.165	56,31%
65	Здравствен дом-Гостивар	77.500.000	38.749.800	50,00%
66	Здравствен дом-Дебар	18.400.000	9.199.800	50,00%
67	Здравствен дом-Кавадарци	39.000.000	19.500.000	50,00%
68	Здравствен дом-Кичево	33.750.000	16.875.000	50,00%
69	Здравствен дом-Кочани	24.000.000	12.000.000	50,00%
70	Здравствен дом-Крива Паланка	53.000.000	30.033.335	56,67%
71	Здравствен дом-Куманово	71.500.000	35.749.800	50,00%
72	Здравствен дом-Охрид	71.400.000	38.700.000	54,20%
73	Здравствен дом-Прилеп	94.700.000	47.350.002	50,00%
74	Здравствен дом-Струга	41.000.000	21.100.002	51,46%
75	Здравствен дом-Струмица	53.000.000	26.500.002	50,00%
76	Здравствен дом-Тетово	92.000.000	46.000.002	50,00%
77	Здравствен дом-Велес	55.000.000	27.499.800	50,00%
78	Здравствен дом-Штип	32.000.000	16.000.002	50,00%
79	Здравствен дом-Берово	26.600.000	13.300.002	50,00%
80	Здравствен дом-Македонски Брод	22.800.000	11.945.455	52,39%
81	Здравствен дом-Валандово	28.000.000	13.999.800	50,00%
82	Здравствен дом-Вевчани	33.700.000	16.849.800	50,00%
83	Здравствен дом-Виница	32.000.000	16.000.002	50,00%
84	Здравствен дом-Делчево	47.000.000	23.500.002	50,00%
85	Здравствен дом-Демир Хисар	25.500.000	12.750.000	50,00%
86	Здравствен дом-Кратово	24.700.000	12.349.800	50,00%
87	Здравствен дом-Крушево	22.200.000	11.100.000	50,00%
88	Здравствен дом-Неготино	52.000.000	25.999.800	50,00%
89	Здравствен дом-Пехчево	18.648.000	9.324.000	50,00%
90	Здравствен дом-Пробиштип	22.500.000	11.250.000	50,00%
91	Здравствен дом-Радовиш	33.800.000	16.900.002	50,00%
92	Здравствен дом-Ресен	41.000.000	20.500.002	50,00%
93	Здравствен дом-Ростуше	15.000.000	7.936.365	52,91%
94	Здравствен дом-Свети Николе	32.800.000	16.399.800	50,00%
95	Здравствен дом-Скопје	593.000.000	296.500.002	50,00%
96	Здравствен дом-Железничар	21.200.000	10.600.002	50,00%
97	Здравствена станица на Универзитетот Кирил и Методиј-Скопје	5.500.000	3.059.800	55,63%
98	Здравствена станица-Железара	20.000.000	10.000.002	50,00%
99	Медицински факултет-Институти-Скопје	165.000.000	82.500.000	50,00%
100	Институт за трансфузиона медицина на РМ	358.000.000	207.999.820	58,10%
101	Институт за јавно здравје на Република Македонија	35.000.000	17.500.002	50,00%
102	Центар за јавно здравје-Битола	24.000.000	12.000.000	50,00%
103	Центар за јавно здравје-Велес	20.300.000	10.150.002	50,00%
104	Центар за јавно здравје-Кочани	16.300.000	8.149.800	50,00%
105	Центар за јавно здравје-Прилеп	19.000.000	9.499.800	50,00%

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2014 година (Седница на УО од 30.12.2014 година)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2015 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2015 година во однос на договорниот надоместок за 2015 година
106	Центар за јавно здравје-Куманово	13.700.000	6.850.002	50,00%
107	Центар за јавно здравје-Скопје	42.400.000	21.199.800	50,00%
108	Центар за јавно здравје-Струмица	7.000.000	3.499.800	50,00%
109	Центар за јавно здравје-Тетово	22.400.000	11.200.002	50,00%
110	Центар за јавно здравје-Штип	13.600.000	6.799.800	50,00%
111	Центар за јавно здравје-Охрид	14.200.000	7.099.800	50,00%
112	Институт за Медицина на трудот на РМ	22.800.000	11.400.000	50,00%
113	Здравствена станица Липково	8.000.000	4.000.002	50,00%
	ВКУПНО:	**12.819.240.000**	**6.613.482.564**	**51,59%**

Финансиски податоци на ЈЗУ

Приходи на ЈЗУ

Приходите на ЈЗУ ги опфаќаат приходите наплатени од Фондот,средствата од програмите за здравствена заштита, сопствените приходи и донации. Приходите на ЈЗУ во периодот јануари-јуни 2015 година се остварени во износ од 7.827.914.548 денари.

Одобрениот износ на средства од Фондот во периодот јануари-јуни 2015 година изнесува 6.613.482.564 и во структурата на вкупните приходи учествува со 84.49%.


Сопствените приходи (во кои се вклучени и средствата од програмите за здравствена заштита) во периодот јануари-јуни 2015 година се остварени во вкупен износ од 1.199.995.566 денари и во структурата на вкупните приходи на ЈЗУ учествуваат со 15,33%, а во однос на планираниот годишен износ имаат процент на остварување од 42,86%.

Приходите од донации на ЈЗУ во анализираниот период се остварени во вкупен износ од 14.436.418 денари, во однос на годишниот план имаат индекс на остварување од 22,1% и во структурата на вкупно остварените приходи имаат учество од 0.18%.


Структура на приходи јануари-јуни 2015 год во (000) денари

Приходи	остварено јануари-јуни 2014 година	планирани приходи 2015 година	приходи јануари-јуни 2015 година	% Ост /план	% 2015 /2014	% на учество во вкупните приходи јануари-јуни 2015
Приходи од ФЗОМ	6.263.946	12.819.240	6.613.483	51,59%	105,58%	84,49%
Сопствени приходи	1.194.648	2.799.804	1.199.996	42,86%	100,45%	15,33%
Приходи од донации	21.944	65.331	14.436	22,10%	65,79%	0,18%
Вкупно	**7.480.538**	**15.684.375**	**7.827.915**	**49,91%**	**104,64%**	**100,00%**

Графички приказ на структурата на приходите на ЈЗУ за период јануари-јуни 2015 година



Графички приказ на приходите на ЈЗУ јануари-јуни 2015/2014 година (во 000 денари)



Вкупно за сите ЈЗУ

ИЗВЕШТАЈ
за приходите на ЈЗУ за период 01.01.-30.06.2015 година

р. бр.	Конто	Опис	планиран годишен износ	јануари	февруари	март	април	мај	јуни	Вкупно	ост/план	% на учество во вкупните приходи
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12 (11/4)	13
1		**Вкупно приходи (2+3+14):**	**15.684.374.544**	**1.370.489.228**	**1.301.606.226**	**1.289.044.963**	**1.320.887.937**	**1.277.241.982**	**1.268.644.212**	**7.827.914.548**	**49,91%**	**100,00%**
2		**Приходи од ФЗОМ:**	**12.819.240.000**	**1.222.735.547**	**1.122.500.474**	**1.070.057.350**	**1.069.757.350**	**1.093.207.350**	**1.035.224.493**	**6.613.482.564**	**51,59%**	**84,49%**
3		**Сопствени приходи (4-13):**	**2.799.804.013**	**145.582.973**	**178.952.580**	**213.271.088**	**244.875.714**	**183.909.234**	**233.403.977**	**1.199.995.566**	**42,86%**	**15,33%**
4	721	Претприемачки приход и приход од имот	29.338.558	0		300.989	20.000	1.440	15.500	**337.929**	**1,15%**	
5	723	Такси и надоместоци	1.369.226.388	76.682.242	90.460.748	113.123.651	136.888.645	86.805.714	120.696.542	**624.657.542**	**45,62%**	
6	724	Други владини услуги	5.100.000	0			64.800	0	0	**64.800**	**1,27%**	
7	725	Други неданочни приходи	895.321.559	67.834.665	81.361.134	91.790.060	88.464.786	69.625.460	80.292.570	**479.368.675**	**53,54%**	
8	731	Продажба на капитални средства	3.770.000	27.756			1.380	1.380	690	**31.206**	**0,83%**	
9	733	Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	500.000	0	149.507		200.000	79.809	92.814	**522.130**	**104,43%**	
10	741	Трансфери од други нивоа на власт	495.947.508	641.529	6.981.191	8.056.388	19.236.103	27.386.931	32.305.861	**94.608.003**	**19,08%**	
11	742	Донации од странство	0	396.781				0	0	**396.781**		
12	744	Тековни донации	0					8.500	0	**8.500**		
13	771	Продажба на хартии од вредност	600.000	0				0	0	**0**	**0,00%**	
14		**Приходи од донации (15-19)**	**65.330.531**	**2.170.708**	**153.172**	**5.716.525**	**6.254.873**	**125.398**	**15.742**	**14.436.418**	**22,10%**	**0,18%**
15	725	Други неданочни приходи	0				1.700	8.175	3.402	**13.277**		
16	741	Трансфери од други нивоа на власт	0			2.142.010	1.425.905	0	0	**3.567.915**		
17	742	Донации од странство	49.315.165	402.388	153.172	3.525.225	166.086	117.223	0	**4.364.094**	**8,85%**	
18	743	Капитални донации	1.113.907	0				0	0	**0**	**0 %**	
19	744	Тековни донации	14.901.459	1.768.320		49.290	4.661.182	0	12.340	**6.491.132**	**43,56%**	

Салдо на крајот од претходниот месец:		480.144.172	748.702.225	815.649.292	684.158.605	617.923.357	593.257.806
Салдо на крај од тековниот месец:		748.702.225	815.649.292	684.158.605	617.923.357	593.257.806	513.397.155

ЗАБЕЛЕШКА:
* Податоците за приходите од табелата се добиени од трезорот на ФЗОМ и доставениот месечен извештај на Медицински факултет
** Во планираниот годишен износ на приходи не е вклучен годишниот план на приходи од сопствени средства и приходи од донации на Медицински факултет-Институти-Скопје

ПРЕГЛЕД

НА ПРИХОДИ ПО ВИДОВИ НА ЈЗУ ЗА ПЕРИОД 01.01-30.06.2015 ГОДИНА

р. бр.	Здравствена установа	планиран годишен износ во трезорот	видови приходи				индекс ост/план вкупни приходи	% на остварени/ планирани сопствени приходи	% на учество на одделните ЈУЗ во вкупните приходи
			планиран износ на средства од ФЗОМ	сопствени приходи	приходи од донации	вкупно			
1	2	3	4	5	6	7 (4+5+6)	8 (7/3)	9	10
1	Стоматолошки клинички центар	178.769.568	61.000.002	28.654.502		89.654.504	50,15	50,56%	1,15%
2	Клиника за максилофацијална хирургија	33.054.000	13.999.800	1.481.500		15.481.300	46,84	29,31%	0,20%
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија	161.533.657	55.500.000	28.488.249	4.633.657	88.621.906	54,86	62,47%	1,13%
4	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	581.823.028	274.999.800	16.765.776	0	291.765.576	50,15	55,89%	3,73%
5	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	364.800.000	159.499.800	18.017.156	604.296	178.121.252	48,83	42,90%	2,28%
6	ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија	114.168.546	10.500.000	35.012.382		45.512.382	39,86	37,60%	0,58%
7	ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија	122.300.000	55.150.002	5.494.317		60.644.319	49,59	45,79%	0,77%
8	ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија	86.577.677	38.250.000	5.409.943		43.659.943	50,43	54,10%	0,56%
9	ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија	76.193.062	32.500.002	4.963.835		37.463.837	49,17	44,35%	0,48%
10	ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	60.000.000	25.999.800	3.111.381	0	29.111.181	48,52	40,41%	0,37%
11	ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија	80.810.000	37.500.000	2.345.286	0	39.845.286	49,31	42,64%	0,51%
12	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	246.440.768	111.499.800	1.806.480	0	113.306.280	45,98	10,54%	1,45%
13	ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија	51.574.108	23.400.000	1.546.205		24.946.205	48,37	32,48%	0,32%
14	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести	348.923.888	159.499.800	9.657.648	519.040	169.676.488	48,63	41,27%	2,17%
15	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	198.829.175	83.899.800	4.887.721	3.220.326	92.007.847	46,27	21,07%	1,18%
16	ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија	43.345.000	19.000.002	2.819.587		21.819.589	50,34	52,75%	0,28%
17	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија	225.468.421	118.999.800	5.983.301	21.525	125.004.626	55,44	25,52%	1,60%
18	ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје	76.727.035	28.350.000	190.591		28.540.591	37,20	1,03%	0,36%
19	ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија	136.581.450	64.000.002	2.685.852	0	66.685.854	48,82	32,99%	0,85%
20	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија	120.323.738	56.500.002	3.390.822		59.890.824	49,77	46,32%	0,77%
21	ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија	188.461.350	87.499.800	4.109.852	0	91.609.652	48,61	30,67%	1,17%
22	ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија	112.258.739	52.750.002	2.601.247		55.351.249	49,31	40,27%	0,71%
23	ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија	76.342.000	32.671.002	5.925.640	0	38.596.642	50,56	59,26%	0,49%
24	ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија	125.325.379	67.000.000	2.187.257	0	69.187.257	55,21	43,56%	0,88%
25	ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло	80.488.577	34.000.002	7.925.293		41.925.295	52,09	63,53%	0,54%
26	ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести	95.020.000	40.750.002	4.993.543		45.743.545	48,14	36,93%	0,58%
27	ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	439.706.556	199.500.000	20.392.926		219.892.926	50,01	50,11%	2,81%
28	ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија	62.570.380	25.000.002	4.869.274	0	29.869.276	47,74	43,29%	0,38%
29	ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје	29.992.952	13.249.800	688.466		13.938.266	46,47	38,90%	0,18%
30	Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски лекување, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје	475.000.000	195.000.000	37.542.060		232.542.060	48,96	44,17%	2,97%
31	Клиничка болница-Битола	679.124.417	317.373.526	34.349.785	0	351.723.311	51,79	35,41%	4,49%
32	Општа болница-Гевгелија	122.549.630	44.149.800	5.923.442	0	50.073.242	40,86	41,25%	0,64%
33	Општа болница-Гостивар	277.600.000	140.981.620	15.904.773		156.886.393	56,52	37,87%	2,00%
34	Општа болница-Дебар	70.573.893	39.000.000	1.191.999	0	40.191.999	56,95	15,89%	0,51%
35	Општа болница-Кавадарци	125.855.881	55.800.000	7.559.804	0	63.359.804	50,34	54,56%	0,81%
36	Општа болница-Кичево	103.000.156	45.499.800	5.241.986		50.741.786	49,26	43,68%	0,65%
37	Општа болница-Кочани	125.853.863	54.000.000	8.002.215		62.002.215	49,27	44,89%	0,79%
38	Општа болница-Куманово	367.057.833	166.545.457	21.668.514		188.213.971	51,28	46,05%	2,40%
39	Општа болница-Охрид	267.328.111	114.499.800	16.589.553		131.089.353	49,04	43,43%	1,67%
40	Општа болница-Прилеп	408.100.000	169.549.800	7.745.512	0	177.295.312	43,44	11,74%	2,26%
41	Општа болница-Струга	176.176.450	76.500.000	10.032.619		86.532.619	49,12	43,62%	1,11%
42	Општа болница-Струмица	260.200.000	109.000.002	18.138.524	0	127.138.526	48,86	43,19%	1,62%
43	Клиничка болница-Тетово	505.153.320	213.900.000	33.745.105		247.645.105	49,02	46,87%	3,16%
44	Општа болница-Велес	228.987.500	97.500.000	14.964.736		112.464.736	49,11	44,03%	1,44%

р. бр.	Здравствена установа	планиран годишен износ во трезорот	видови приходи				индекс ост/план вкупни приходи	% на остварени/ планирани сопствени приходи	% на учество на одделните ЈУЗ во вкупните приходи
			планиран износ на средства од ФЗОМ	сопствени приходи	приходи од донации	вкупно			
1	2	3	4	5	6	7 (4+5+6)	8 (7/3)	9	10
45	Клиничка болница-Штип	370.089.333	159.100.002	23.886.569		182.986.571	49,44	47,77%	2,34%
46	Градска општа болница 8-ми септември	886.800.000	429.857.143	50.518.298	49.290	480.424.731	54,18	38,86%	6,14%
47	Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје	289.500.000	140.750.000	14.682.017		155.432.017	53,69	61,18%	1,99%
48	Специјална болница по гинекологија и акушерство-Мајка Тереза-Скопје	129.200.000	58.433.335	6.993.056		65.426.391	50,64	49,95%	0,84%
49	Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје	127.503.697	54.000.000	4.854.838	1.295.845	60.150.683	47,18	30,34%	0,77%
50	Психијатриска болница-Скопје	214.380.000	94.000.002	6.712.463		100.712.465	46,98	25,45%	1,29%
51	Психијатриска болница-Демир Хисар	151.000.000	63.000.000	954.696		63.954.696	42,35	3,82%	0,82%
52	Психијатриска болница-Негорци	66.573.928	25.500.000	64.662		25.564.662	38,40	0,43%	0,33%
53	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза-Јасеново-Велес	33.617.605	14.500.002	2.001.163		16.501.165	49,08	44,47%	0,21%
54	Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид	202.720.000	76.000.002	22.101.693		98.101.695	48,39	33,63%	1,25%
55	Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје	63.301.344	21.750.000	6.541.882	3.574.492	31.866.374	50,34	52,34%	0,41%
56	Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје	75.777.824	31.500.000	5.569.020		37.069.020	48,92	45,29%	0,47%
57	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола	13.126.443	6.499.800	43.022		6.542.822	49,84	107,56%	0,08%
58	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид	117.797.249	50.500.002	6.851.807		57.351.809	48,69	41,15%	0,73%
59	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања-Отешево	23.301.017	10.000.002	1.173.012		11.173.014	47,95	36,09%	0,14%
60	Геронтолошки завод-Скопје	175.023.923	40.000.002	38.739.815	0	78.739.817	44,99	41,27%	1,01%
61	Завод за нефрологија-Струга	153.080.748	68.166.667	10.065.362		78.232.029	51,11	33,55%	1,00%
62	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза- Лешок-Тетово	29.059.251	10.750.002	1.283.516		12.033.518	41,41	47,54%	0,15%
63	Здравствен дом-Битола	126.733.607	48.499.800	10.911.219		59.411.019	46,88	37,85%	0,76%
64	Здравствен дом-Гевгелија	50.321.909	23.536.165	3.687.907	351.861	27.575.933	54,80	46,66%	0,35%
65	Здравствен дом-Гостивар	90.325.371	38.749.800	5.084.317		43.834.117	48,53	39,72%	0,56%
66	Здравствен дом-Дебар	20.087.841	9.199.800	1.068.347		10.268.147	51,12	64,36%	0,13%
67	Здравствен дом-Кавадарци	43.534.571	19.500.000	2.849.727		22.349.727	51,34	63,33%	0,29%
68	Здравствен дом-Кичево	39.520.553	16.875.000	2.540.541		19.415.541	49,13	49,65%	0,25%
69	Здравствен дом-Кочани	31.339.874	12.000.000	1.648.927		13.648.927	43,55	22,59%	0,17%
70	Здравствен дом-Крива Паланка	64.000.012	30.033.335	3.777.452		33.810.787	52,83	34,34%	0,43%
71	Здравствен дом-Куманово	96.227.702	35.749.800	10.177.436		45.927.236	47,73	42,69%	0,59%
72	Здравствен дом-Охрид	77.532.479	38.700.000	4.019.256		42.719.256	55,10	65,57%	0,55%
73	Здравствен дом-Прилеп	116.747.418	47.350.002	9.485.217	0	56.835.219	48,68	45,82%	0,73%
74	Здравствен дом-Струга	47.000.000	21.100.002	1.154.985		22.254.987	47,35	19,25%	0,28%
75	Здравствен дом-Струмица	60.650.594	26.500.002	2.659.742	0	29.159.744	48,08	34,95%	0,37%
